# Повик за доставување на понуди за спроведување на курс по странски јазици

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ Скопје објавува повик за доставување на понуди за спроведување на курсеви по странски јазик со следните содржински спецификации:

## 1. ВОВЕД

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ Скопје со седиште на ул. 11 Октомври бр. 8/1-2, 1000 Скопје, го спроведува проектот: **„Ромаверзитас – со поддршка за развој кон лични и колективни еднакви пристапи и можности“** , финансиски поддржан од Ромскиот образовен фонд ( РЕФ ), од Будимпешта.

## 2. ПРЕДМЕТ:

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ Скопје Ве поканувaат да доставите понуда за спроведување на курс по англиски и германски јазик за корисници на проектот **„Ромаверзитас – со поддршка за развој кон лични и колективни еднакви пристапи и можности“**.

- Целна група на курс по англиски и германски јазик се млади лица од Скопје, Битола, Куманово, Тетово, Гостивар, Велес, Прилеп и Штип, за подобрување на нивните капацитети и вештини за странски јазици.
- Курсевите ќе бидат спроведени според доставен наставен план кој ќе содржи околу 60 наставни единици, една наставна единица по 45 минути. Спроведувањето на наставните единици ќе биде двапати во неделата, во работни денови.
- Термините за спроведување на наставните единици ќе бидат во согласност со можностите на учесниците, во тек на месеците февруари - мај, во Скопје, Битола, Куманово, Тетово, Гостивар, Велес, Прилеп и Штип.

**Работни обврски на вршителите на услугата ќе бидат:**

- Работните задачи да ги извршува во рамки на комуникациската мрежа Е.Ромаверзитас;
- Да соработува со проектниот тим на Нарачателот на услугата;
- Да подготви наставен план за најмалку 60 наставни единици (1 наставна единица во времетраење од 45 минути), пред да започне спроведувањето на наставните единици;
- Да подготви и дистрибуира наставни средства и учебни материјали за секој учесник на курсот во текот на спроведувањето на првата наставна единица;
- Да обезбеди хартиена и електронска евиденција за учесниците на курсот по англиски јазик и германски јазик, во примероци дадени од нарачателот;
- Да подготви и спроведе проверка на знаењето на секој учесник пред спроведување на курсот, доколку учесникот претходно не посетил и успешно завршил одреден курс;
- Да врши групирање на учесниците во степени соодветно на нивните знаења;
- Да подготви и спроведе почетни, тековни и завршни тестирања на знаењата и вештините;
- Да обезбеди работни простории во соодветна големина на бројот на учесници и опремени со соодветна опрема за изведување на наставата според наставниот план;
- Наставата да ја изведува стручно лице согласно утврдениот наставен план;
- Да достави известување за редовноста, постигнатиот успех, напредокот и мислење за секој учесник, после секој тековен месец, според примерокот доставен од страна на Нарачателот на услугата;

- Да го извести Нарачателот на услугата, во случај на три отсуства или напуштање на курсот на некој од учесниците;
- Да ги достави спроведените тестирања на учесниците, во оригинална или копирана или електронска форма, до Нарачателот на услугата;
- Да го контролира процесот на пополнување на електронска форма на евалуациони прашалници, кои ќе бидат дистрибуирани од Нарачателот на услугата и да обезбеди успешно спроведување на процесот на евалуација;
- Да обезбеди услови, пристап и достапност до сите расположливи информации при мониторинг и евалуација на наставата, од страна на Нарачателот на услугата и донаторот кои се задолжени за мониторинг и евалуација на курсот;
- Да подготви соодветен сертификат за завршен курс по компјутери кое ќе содржи назив на курсот, степен на курсот, име и презиме на учесникот, датум, место, нарачател на курсот, печат, потпис и сл, за секој учесник, најдоцна 5 работни дена од денот на завршување на курсот;
- Да додели сертификат за завршен курс на секој учесник кој успешно ќе го заврши курсот. Политиката за успешно завршен курс ќе биде предмет на договор на почетокот на спроведувањето на курсот;
- Да достави хартиен и скениран примерок од доделените сертификати до нарачателот на услугата.

## 3. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

При аплицирање понудувачите треба да достават:

- Портфолио ( работно искуство, листа на организации со кои претходно е работено, тековна состојба за фирмата );
- Опис на настава и ресурси ( **прилог 1 -** https://goo.gl/2CwFH9 );
- Пополнет формат за понуда ( **прилог 2 -** https://goo.gl/em3t6C).

## 4. НАПОМЕНА

Во форматот за понуда Ве замолуваме да ги пополните следните податоци

опис на понудата, односно специфично што се за кој странски јазик (англиски или германски јазик) ќе се одвива курсот, вкупно наставни единици

- посебно цена по група за спроведување на курс по англиски јазик и германски јазик, една наставна едницина по 45 минути, кои ќе бидат спроведени во период од февруари до мај, двапати во неделата, во работни денови;
- посебно цена по слушател за спроведување на курс по англиски јазик и германски јазик;
- посебно цена на оригинални книги според соодветното ниво на слушателите за курс по англиски јазик и германски јазик;
- минимум учесници по група;

Ќе се селектираат училишта од оние градови за кои ќе се пријават потенцијалните учесници. Видот и степенот на курсевите ќе зависат од проценките на потребите на корисниците на проектот на Ромаверзитас.

## 5. КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНКА НА ПОНУДИ

Критериум за оценка на понудите е најповолна понуда.

**6. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ**

Понудувачите треба да доставаат комплетна документација со сите барања и електронски печат на следниот меил: office@romaversitas.org.mk, најдоцна до 25.01.2019, со назнака :
***Понуда за курс по странски јазици:***
***- лот 1 (за Скопје) ; лот 2 (за Битола); лот 3 (за Куманово); лот 4 (за Тетово); лот 5 (за Гостивар); лот 6 (за Прилеп); или лот 7 (за Штип).***

**7. ИНФОРМАЦИИ**

Дополнителни информации можете да добиете во просториите на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ Скопје или на следниот телефонски број: 076/480-944 или на следниот меил: office@romaversitas.org.mk .

**Датум и место**
***Јануари 2019 година, Скопје***